**201909801239**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1, 2 и 3 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УСЛУГИ (*)

Се прогласува Законот за услуги (*),
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 24 април 2019 година.

Бр. 08-2585/2
17 мај 2019 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА УСЛУГИ (*)

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на уредување

Член 1

Со овој закон се уредуваат општите одредби за правото на основање и слободата на давање на услуги во Република Македонија, организирањето на Единствената точка за контакт на пазарот на услуги, поврзувањето со Информативниот систем за внатрешен пазар на Европската Унија, координацијата и заедничката соработка со државите договорни страни на Договорот за основање на Европскиот економски простор.

### Делокруг на примена

Член 2

(1) Одредбите од овој закон не се однесуваат на:

1) мерките за либерализација на услуги од јавен интерес за јавни или приватни субјекти;

2) приватизацијата на јавни субјекти или други правни лица кои вршат услуги од јавен интерес;

3) укинувањето на монополски здружувања во вршењето на услуги и на помошта опфатена со прописите за заштита на конкуренцијата;

* Со овој закон се врши усогласување со Директивата 2006/123/ЕЗ на Европската Унија за услугите на внатрешниот пазар, CELEX број 32006L0123

4) видот на услуги кои се од општ интерес и начинот на нивно вршење и финансирање во согласност со прописите за државна помош;

5) прописите за заштита и промоција на јазичната разновидност, недвижното културно наследство согласно со закон и медиумскиот плурализам;

6) прописите од областа на кривичното право;

7) условите за вработување, за безбедност и здравје на/при работа, на работниот однос меѓу работодавач и работник и на прашања поврзани со социјално осигурување уредени со посебни закони;

8) примената на колективните договори склучени помеѓу социјални партнери.

(2) Одредбите од овој закон се применуваат на услугите кои ги даваат даватели на услуги основани во Република Македонија и во држави од ЕЕП со исклучок на:

1) не-економски услуги од јавен интерес;

2) финансиски услуги, како што се банкарството, кредитирањето, осигурувањето и реосигурувањето, финансиски лизинг, професионалните или лични пензии, хартиите од вредност, инвестициски фондови, советодавни услуги за инвестирање, вклучувајќи ги и финансиските активности пропишани со членот 2 точка 34 од Законот за банките;

3) услуги од областа на електронските комуникации и мрежи, придружните средства како и други услуги кои се уредени со Законот за електронски комуникации и подзаконските акти кои произлегуваат од овој закон во однос на пристапот и интерконекцијата на електронските комуникации и мрежи и придружните средства, дозволи за електронски комуникации и мрежи и услуги, универзална услуга и права на корисници во врска со електронските комуникации и мрежи и услуги и користење на лични податоци и заштита на приватност во секторот на електронските комуникации;

4) услугите во областа на транспортот, вклучувајќи ги и градскиот превоз, такси службите, превоз со возила на брза помош и пристаништата;

5) услуги на агенции за привремени вработувања;

6) здравствени услуги, без оглед на тоа дали нив ги обезбедуваат јавните здравствените установи, приватни здравствени организации или установи или трговски друштва кои вршат дејност на здравствена заштита како и здравствената заштита и лекарските услуги кои ги даваат здравствените работници;

7) аудио и визуелните услуги, вклучувајќи ги и кинематографските услуги, без оглед на нивниот начин на производство, дистрибуција и пренос како и радио-дифузната дејност;

8) активности од областа на игрите на среќа, согласно со Законот за игрите на среќа и забавните игри;

9) услуги кои се поврзани со остварување на службени овластувања;

10) социјалните услуги од областа на социјално згрижување, детска грижа и семејна помош и помош на поединци кои имаат потреба од постојана или привремена помош а која ја дава државата, даватели или добротворни организации признати со закон;

11) услуги на приватно обезбедување;

12) услуги кои ги даваат нотари и извршители;

13) активности кои произлегуваат од областа на оданочувањето и

14) правна помош и вршење на јавните овластувања кои ги пружа адвокатурата како самостојна и независна јавна служба.

**Примена на законот и посебните закони**

Член 3

(1) Доколку одредбите од овој закон се во спротивност со одредбите од посебен закон со кој се уредуваат определени услуги уредени со Законот за вработување и работа на странци во однос на одредбите за преместени работници со цел давање на услуги, Законот

за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во однос на одредбите за вршење на телевизиско емитување, Законот за признавање на професионални квалификации во однос на документите и постапките за признавање на професионални квалификации и прописите од областа на координација на системите на социјално осигурување на вработени лица, самовработени лица и членови на нивни семејства, тогаш важат одредбите на тој посебен закон.

(2) Доколку со одредбите од овој закон не е поинаку пропишано на сите постапки кои се однесуваат на регулираните професии и признавање на професионални квалификации за цели на давање на услуги, соодветно се применуваат одредбите од посебните закони за регулирани професии и признавање на професионални квалификации.

(3) Доколку со одредбите од овој закон не е поинаку пропишано, на сите постапки кои се однесуваат на управните работи за цели на давање на услуги, соодветно се применуваат одредбите од Законот за општа управна постапка.

**Дефиниции во Законот**

Член 4

За целите на примена на овој закон одредени поими го имаат следното значење:

1) „услуга“ е самостојна економска активност која се врши за надоместок и не е уредена со закони и прописи со кои се уредува проток на стоки, капитал и лица;

2) „давател на услуга“ е физичко лице државјанин на Република Македонија или на држава од Европски економски простор (во понатамошен текст: „држава од ЕЕП“) или правно лице со основано седиште во Република Македонија или во држава од ЕЕП кое нуди или дава услуги;

3) „прималел на услугата“ е физичко лице државјанин на Република Македонија или на држава од ЕЕП или правно лице со основано седиште во Република Македонија или во држава од ЕЕП кое користи или сака да ја користи услугата за свои професионални или непрофесионални цели;

4) „држава на основање“ е Република Македонија или држава од ЕЕП каде давателот на услуги е основан;

5) „седиште“ е место од каде што се управува со фактичкото извршување на економски активности од страна на давател на услуги во Република Македонија на неопределено време и преку постојана инфраструктура;

6) „прекугранично давање на услуги“ е давање на услуги на времена основа во една земја од давател на услуга со основано седиште во друга земја;

7) „постапка на одобрување" е постапка утврдена со закон или друг пропис во која давателот на услуга или прималел на услуга треба да исполни посебни барања со цел од надлежен орган да добие формална или имплицитна одлука согласно која се стекнува со право на пристап на пазарот на услуги (во понатамошниот текст: согласност);

8) „барање“ е секоја обврска, пропишана забрана, услов или ограничување во закон или пропис или е правна последица која настанува како резултат на примена на судска одлука или одлука на друг надлежен орган, или на правила на професионални здруженија и организации, усвоени при извршувањето на нивниот делокруг на надлежност, освен одредбите содржани во колективните договори склучени помеѓу социјалните партнери;

9) „исклучително важни причини од јавен интерес“ се причини што се пропишани со закон или како такви се признати во праксата на Европскиот Суд на правдата, а ги вклучуваат: јавната политика, јавната заштита, јавната безбедност, јавното здравство, финансиската рамнотежа на системот на социјална заштита, заштита на потрошувачите,

на примателите на услугите и на работниците, фер трговски трансакции, борба против измама, заштита на животната средина, заштита на здравјето на животните, заштита на правата од интелектуална сопственост, зачувување на националните историски вредности и културно и уметничкото наследство, мерките на социјалната политика, мерките на културна политика за зачувувањето на националната култура и национален идентитет;

10) „надлежен орган на Република Македонија“ е субјект кој во извршувањето на својата надлежност на надзор и/или регулатор донесува одлука по барање за пристап на пазарот на услуги, вклучувајќи ги особено: органите на управа, професионалните тела и професионални здруженија или други професионални организации кои даваат согласност;

11) „регулирана професија“ е професија за чие што извршување постојат законски пропишани услови од аспект на видот, степенот на образованието како и стручни и професионални квалификации;

12) „комерцијална комуникација“ е форма на комуникација наменета за пазарот на стоки и услуги со која се остварува директна или индиректна промоција на стоките и услугите или на портфолиото на еден конкретен деловен потфат трговско друштво или физичко и правно лице кое врши трговска или занаетчиска дејност или определена дејност како свое занимање/професија. Комерцијална комуникација не претставува сама по себе информацијата за адресата на електронската пошта или за електронската адреса на субјектот или во случај да се работи за комуникација остварена во врска со стоки, услуги или портфолио на субјектот кое се темели на независно прибрани податоци, особено кога тоа нема за цел стекнување финансиска корист;

13) „Информативен систем на внатрешниот пазар“ (во натамошниот текст: „ИМИ систем“) е информатички систем на внатрешниот пазар со кој се обезбедува размена на информации меѓу надлежни органи и тела на државите од ЕЕП;

14) „држави договорни страни на Договорот за основање на Европскиот економски простор“ се држави членки на Европската Унија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка.

15) „услуга од јавен интерес“ е услуга која со закон е пропишана дека е дејност од јавен интерес;

16) „причина на општа и посебна опасност“ е состојба на опасност која произлегува непосредно од вршењето определена услуга;

17) „причини во врска со здравје и безбедност“ се состојби кога може да настане смрт или сериозна повреда на примателот на услугата или на трето лице;

18) „причини на финансиска сигурност“ е состојби во кои може да дојде до значителна загуба во пари или пад на вредноста на имотот на примателот на услугата;

19) „осигурување од професионална одговорност“ е осигурување кое давателот на услугата го склучува заради случај на идно настапување состојба на одговорност спрема примателите на услуги и по потреба спрема трети лица кои произлегуваат од давањето на услуги;

20) „мултидисциплинарна дејност“ е дејност која давателот на услуги може слободно да избере дали ќе ја извршува заедно со други дејности сам или во партнерство со други лица.

## II. ПОСТАПКИ ЗА ОДОБРУВАЊЕ И ЕДИНСТВЕНА ТОЧКА ЗА КОНТАКТ

### Поедноставување на постапките за одобрување

Член 5

(1) Во постапката за одобрување пристап на пазарот на услуги надлежниот орган на Република Македонија нема да бара повторно исполнување на посебните барања кои се исти или суштински слични со барањата кои давателот на услугата веќе ги исполнил во

Република Македонија или во друга држава од ЕЕП. Надлежниот орган на Република Македонија нема да бара доставување на документот во прилог кон барањето во форма на нотарски заверен препис, да биде поднесен во оригинал, преведен од овластен преведувач, освен кога тоа барање е дел од постапката поради исклучително важни причини за заштита на јавниот интерес, јавниот ред и безбедност. Надлежниот орган на Република Македонија може да бара документот кој се дава како прилог со барањето да биде преведен на македонски јазик.

(2) Одредбите од ставот (1) на овој член не се применуваат за документите кои се бараат со прописите за јавни набавки, прописите за признавање на професионални квалификации, упис на податоци за странски трговски друштва и нивни подружници во трговскиот регистар согласно со Законот за трговски друштва.

**Единствена точка на контакт**

Член 6

(1) Функцијата на Единствена точка за контакт во Република Македонија ја врши Националниот портал за услуги кој го развива, администрира и одржува Министерството за информатичко општество и администрација согласно прописите за електронско управување и електронски услуги.

(2) Единствената точка за контакт на заинтересираните лица им обезбедува:

1) информации за постапките и условите за пристап и давање на услуги;

2) пополнување и поднесување на соодветни обрасци и пријави потребни за добивање согласност од надлежни органи на Република Македонија за пристап и давање на услуги, вклучувајќи и пријави за упис во регистар, во каталог, база на податоци, или за регистрирање во професионално здружение;

3) одговор од надлежни органи на Република Македонија за поднесено барање за согласност за пристап и давање на услуги.

(3) Информациите за постапките и условите за пристап и давање на услуги од ставот (2) на овој член треба да бидат јасни, недвосмислени, лесно достапни од далечина како и по електронски пат и редовно да се ажурираат.

(4) Одредбите од ставот (2) на овој член не се применуваат на постапките во кои е вклучено дејствие на проверка на простории во кои се обезбедува услугата заради инспекција на конкретна опрема која се користи од страна на давателот на услугата, или непосредно (физичко) испитување на стекнати вештини или на личниот интегритет на давателот на услугата или неговите одговорни лица.

**Право на информации**

Член 7

(1) Надлежните органи на Република Македонија се должни преку Единствената точка за контакт на давателите и корисниците на услуги да обезбедат информации за:

1) законските постапки за добивање на одредена согласност за пристап и вршење на услуги, со опис на законските постапки и барањата кои треба да се исполнат;

2) надлежен орган за спроведување на секоја постапка на одобрување која постои во Република Македонија со адреса и останати контакт информации за истиот;

3) начинот и условите за пристап на заинтересирани лица до податоци запишани во јавни регистри за давателите на услуги и за услугите како такви;

4) приговори, претставки, жалби, управен спор кои им стојат на располагање на странките незадоволни од одлуката на надлежниот орган во постапките на одобрување по барање за пристап и вршење на услуги и споровите кои можат да се појават меѓу даватели на услуги или меѓу давател и примател на услугата;

5) контакт за здруженија или организации кои не се надлежни органи, а од кои давателите или корисниците на услуги би можеле да добијат практична помош и

6) редоследот на чекори по кои најчесто барањето се разгледува и обработува на лесен и разбирлив начин по можност и на службен јазик на држава од ЕЕП, но не како правен совет, туку во форма на генерална информација за чекорите во постапката и начинот како тие најчесто се спроведуваат.

(2) Надлежните органи на Република Македонија и Единствената точка за контакт се должни на секое барање за информација од ставот (1) на овој член да одговорат во што е можно пократок рок, а во случаи кога барањето е непотполно или неосновано без одложување да го известат барателот за истото.

## III. СЛОБОДА НА ОСНОВАЊЕ НА ДАВАТЕЛИТЕ НА УСЛУГИ

### Слобода на основање

Член 8

(1) Пристапот на пазарот на услуги и давањето на услуги во Република Македонија не се ограничува, освен доколку со овој закон и со посебните закони не е поинаку утврдено.

(2) Со посебните закони од ставот (1) од овој член се утврдуваат постапки за одобрување пристап на пазарот на услуги доколку разгледувањето и одлучувањето во истите се врши согласно принципот на забрана на дискриминација, еднаков третман, оправданост на постапката од причина на јавен интерес и ако целта поради која постои постапката не може да биде исполнета со помалку рестриктивни мерки.

### Начела за спроведување на постапки за одобрување пристап на пазарот на услуги

Член 9

(1) Надлежните органи на Република Македонија се должни да одобрат давање на услуги врз основа на исполнети барања во соодветните постапки за одобрување пристап на пазарот на услуги утврдени со закон.

(2) Постапките за одобрување пристап на пазарот на услуги се спроведуваат во согласност со следните начела:

1) забрана на дискриминација;
2) заштита на јавен интерес;
3) пропорционалност;
4) јасност;
5) униформност на постапката;
6) објективност;
7) претходно објавување;
8) транспарентност и
9) достапност.

(3) Согласноста од страна на надлежниот орган на Република Македонија треба да овозможи на давателот на услуга да ја врши услугата низ целата територија на Република Македонија, вклучително преку подружници, филијали или канцеларии освен во случај кога ограничувањето во поглед на основањето или на територијата е оправдано од исклучително важни причини од јавен интерес.

(4) Согласноста ќе биде дадена по разгледување на барањето со евентуалните приложени докази и по утврдувањето дека се исполнети сите услови за позитивно решавање по барањето од страна на надлежниот орган на Република Македонија.

(5) Секоја одлука на надлежните органи на Република Македонија, вклучувајќи и одбивање или одземање на согласноста кога не се исполнети или повеќе не се исполнуваат посебните барања, мора да содржат образложение со правна поука за правото на приговор, жалба односно покренувањето на управен спор или друго правно средство за заштита на неговите права во повисок степен.

**Временски рок на согласноста**

Член 10

(1) Согласноста издадена од страна на надлежен орган на Република Македонија не треба да биде временски ограничена освен во случаи кога:

1) согласноста се обновува по сила на закон или зависи од непрекинато исполнување на сите посебни барања во постапката;

2) бројот на согласности е ограничен заради причини на јавен интерес или

3) ограничениот временски период за кој важи согласноста е поради исклучително важни причини од јавен интерес.

(2) Одредбите од ставот (1) на овој член не се однесуваат на максималниот временски период во кој давателот мора да започне да ја врши услугата откако ќе ја добие согласноста.

(3) Давателот на услуга ќе го информира надлежниот орган на Република Македонија во случај кога:

1) регистрира подружници чии активности се вклучени во рамките на услугата која давателот ја врши преку нив за што му е дадено согласност;

2) врши промена на неговиот правен статус со што веќе истиот не ги исполнува условите за согласноста која претходно му е издадена.

**Избор на барател на кој ќе му се издаде согласност во случај на ограничен број на согласности**

Член 11

(1) Кога согласно посебен пропис бројот на согласности достапни за давање определена услуга е ограничен поради причини поврзани со ограниченост на природните ресурси или ограничен технички капацитет, надлежните органи на Република Македонија применуваат чекори во постапката за одобрување која гарантира непристрасност и транспарентност и задолжително претходно јавно објавување за започнување, спроведување и завршување на таквата постапка.

(2) Во случаите определени со ставот (1) на овој член, согласноста ќе биде дадена за определен временски период и не може да биде предмет на продолжување по сила на закон или да вклучува давање други предности на давателот на услугата чијашто согласност истекла или на друго лице кое има поврзаност со него.

(3) Во утврдување на правилата за избор во постапките на одобрување согласно со одредбите на овој член и членот 8 од овој закон се земаат предвид целите на јавното здравство, на социјалната политика, здравјето и безбедноста на вработени или самовработени лица, заштита на животната средина, заштита и зачувување на културното наследство и други исклучително важни причини од јавен интерес.

**Постапки за одобрувања пристап на пазарот на услуги**

Член 12

(1) Постапката за одобрување пристап на пазарот на услуги треба да е јасна, претходно јавно објавена и истата целосно треба да дава сигурност дека барањата ќе се процесираат објективно и непристрасно.

(2) Постапката за одобрување пристап на пазарот на услуги заедно со сите прилози кон барањето и другите формалности не треба да е сложена и не треба да го одолжува започнувањето на вршењето на услугата за која е пропишана. Надоместокот кој треба да се плати од барателот треба да биде разумен и пропорционален на административниот трошок на надлежниот орган на Република Македонија за водење на постапката.

(3) Постапката за одобрување пристап на пазарот на услуги заедно со сите прилози треба да е пропишана на начин што барањата на странките се процесираат најбрзо што може, во разумен период кој е непроменлив и претходно јавно објавен. Периодот ќе тече од моментот кога е доставена целокупната документација.

(4) Кога е тоа оправдано поради сложеност на предметот во секој конкретен случај, пропишаното време може да се продолжи еднаш, од страна на надлежниот орган на Република Македонија и само за одреден период. За продолжувањето странката ќе биде известена пред да истече периодот за кој се врши продолжувањето.

(5) Во случај надлежните органи на Република Македонија да не ги спроведат постапките на начин утврден во ставовите (3) и (4) на овој член ќе се смета дека согласноста е дадена, освен кога со посебните закони се пропишани други услови заради заштита на јавен интерес или оправдан интерес на трети лица.

(6) Сите барања за одобрување пристап на пазарот на услуги се примаат на увид најбрзо што може, а тоа вклучува:

1) потврда за прием на барањето и рок пропишан за одговор од надлежните органи на Република Македонија;

2) начин на контакт достапен на барателот и

3) каде што е применливо, изјава дека ќе се применат одредбите од посебните закони и други прописи кои се однесуваат на случај кога не е даден одговор во определен рок по поднесено барање.

(7) Во случај на некомплетно барање, странката ќе биде известена најбрзо што може за да ја дополни или исправи документацијата.

(8) Кога барањето е одбиено затоа што не е во согласност со посебните барања или заради други процесни дејствија, странката ќе биде известена за одбивањето најбрзо што е можно.

**Посебни барања кои не смеат да ги содржат постапките за одобрување**

Член 13

Постапките за одобрување пристап и давање на услуги не смеат да содржат услови со кои надлежните органи на Република Македонија бараат од давателот на услуги од држави на ЕЕП:

1) државјанство на Република Македонија или престој на територијата на Република Македонија на давателот на услуга, неговите вработени, лицата кои имаат удел во основната главнина на друштвото или членовите на органите на управување и надзор, а во случај кога давателот на услуга е правно лице, седиште, главна канцеларија или конкретен регистар на упис на субјектот во Република Македонија;

2) ограничување на правото на основање на подружница, претставништво, филијала или друга организациска единица во повеќе од една држава на ЕЕП или на упис во конкретен надлежен регистар за професионални квалификации во повеќе од една држава на ЕЕП;

3) ограничување на правото да избере каде ќе се регистрира како правен субјект или каде ќе отвори своја организациска единица, како и на избор на формата на организационата единица како подружница, претставништво или филијала;

4) реципроцитет со земјата во која давателот на услугата веќе е регистриран освен во случај на реципроцитет пропишан за областа енергетика;

5) претходно да докаже дека има економска потреба или има побарувачка на пазарот за услугите кои би ги вршел, или оценка на идните или актуелните економски ефекти на услугата која има намера да ја врши, или оценка на соодветноста на дејноста во однос на планирани економски цели од страна на надлежни органи со исклучок на такви кои се темелат на јавен интерес и се пропорционални;

6) директно или индиректно нема да вклучи економски оператори кои на пазарот на услуги ќе бидат конкуренти на давателот на услуга кој поднел барање за пристап до пазарот со давање мислења во постапка на одобрување или при донесување одлука од надлежните органи и тела, со исклучок на професионални тела и здруженија или други организации кои дејствуваат како носители на јавни овластувања;

7) да даде или да учествува во давање финансиска гаранција или друго обезбедување кое мора да биде издадено од правно лице основано во Република Македонија, со исклучок на заеднички компензациски фондови, професионални тела или организации;

8) обврска за претходен упис во надлежен регистар на Република Македонија на некој определен временски период или за претходно вршење на услугата во Република Македонија на некој определен временски период.

## IV. СЛОБОДА НА ДАВАЊЕ УСЛУГИ И ОГРАНИЧУВАЊА

### Слобода на пристап и давање услуги

Член 14

(1) Давателите на услуги основани во Република Македонија и во држави на ЕЕП имаат слободен пристап на пазарот на услуги на територијата на Република Македонија согласно барањата утврдени во посебните закони и прописи со кои се уредуваат услугите.

(2) При утврдување на барањата од ставот (1) на овој член мора да се почитуваат следните принципи:

1) забрана на дискриминација: барањата не смеат директно или индиректно да дискриминираат во однос на државјанството или во случај на правни лица во однос на земјата во која се основани;

2) неопходност: барањата мора да бидат оправдани од причини поврзани со јавна политика, јавна безбедност, јавно здравство или заштита на животна средина и

3) пропорционалност: барањата мора да бидат соодветни за постигнување на целта за која се утврдени, како и прописите за работни односи и одредбите од колективните договори.

(3) Пристапот на пазарот на услуги во постапките на одобрување за даватели на услуги основани во држави на ЕЕП не може да биде ограничен со:

1) обврска за основање во Република Македонија;

2) обврска да добијат согласност од надлежен орган во Република Македонија, како што е упис во домашен регистар освен ако со посебен закон не е поинаку пропишано;
3) забрана за давателот на услуги да поставува одреден вид или тип на инфраструктура во Република Македонија за да може да ги дава услугите;
4) примена на пропишана содржина на договори со примателите на услугите со кои се спречува или ограничува давањето на услуги од страна на само-вработеното лице;
5) обврска да поседува документи за идентификација издадени од надлежни органи во Република Македонија за да дава услуги;
6) барањата, освен оние кои се неопходни за здравјето и безбедноста на работното место, кои влијаат на употребата на опремата и материјали кои се составен дел на услугата и
7) ограничувања пропишани со членот 17 од овој закон.

**Ограничувања на слободата на вршење услуги**

Член 15

Одредбите на членот 14 не се применуваат на:
1) услугите од јавен интерес од областите на поштенскиот, енергетскиот и гасоводниот сектор;
2) водоснабдување, третман на урбани отпадни води, и постапување со отпад;
3) одредби за работа на преместени работници поврзани со слободното движење на работници заради вршење работа и остварување на права од работен однос во друга држава на Европската Унија и ЕЕП;
4) одредби за заштита на лични податоци;
5) судско намирување на долг;
6) случаи каде со посебен закон една услуга е определено да се врши само врз основа на стекната професионална квалификација;
7) одредби од областа на социјално осигурување поврзани со координација на системите на социјално осигурување на вработени лица, самовработени лица и членови на нивни семејства;
8) административните постапки за слободното движење на лица и нивен постојан или привремен престој;
9) одредби поврзани со давање на визи или дозволи за престој на лица од трети земји;
10) правила поврзани со транспортот на отпад;
11) авторски и сродни права, права од индустриската сопственост и од областите на заштита на топографите на производите- полуспроводници и од областа на заштита на базите на податоци;
12) акти кои согласно со закон бараат заверка на нотар;
13) ревизијата на годишни сметки и финансиски извештаи;
14) регистрација на возила купени на лизинг во друга држава од Европската Унија или ЕЕП и
15) договорни и вондоговорни обврски вклучително и формалните спогодби утврдени врз основа на правилата на Меѓународното приватно право.

**Ограничувања во исклучителни случаи**

Член 16

По исклучок на одредбите од членот 14 од овој закон надлежните органи на Република Македонија можат да преземат мерки за ограничување на слободата на давање услуги на давател на услуги основан во држава на ЕЕП заради заштита на безбедноста на услугите, доколку постапката на заемна соработка уредена со член 30 од овој закон е соодветно спроведена и се исполнети следните услови:

1) одредбите заради кои се презема мерката не се опфатени со прописите за безбедноста на услугите;

2) мерките даваат повисок степен на заштита на примателот на услугата од колку тоа што би било случај со заштитата во земјата во која вршителот на услугата е регистриран;

3) земјата каде вршителот е основан не презела мерки согласно со членот 30 став (1) од овој закон и

4) мерките се пропорционални на целта поврзана со безбедноста на услугите.

## V. ПРАВА НА ПРИМАТЕЛИТЕ НА УСЛУГИ

### Забранети ограничувања спрема примателите на услуги

Член 17

Примател на услуга во Република Македонија кој користи услуга од страна на давател на услуга од друга држава од ЕЕП нема обврска:

1) да добие согласност или да даде изјава на надлежен орган на Република Македонија во врска со услугата и

2) да подлежи на дискриминациски ограничувања на давање финансиска помош од причина што давателот на услугата има основано седиште во друга држава од ЕЕП или поради  местото на кое услугата е дадена.

### Забрана на дискриминација

Член 18

(1) Примателот на услуги има право да ги прима услугите слободно и без ограничувања поврзани со неговото државјанство или место на престој.

(2) Одредбата од ставот (1) на овој член се применува и на општите услови за пристап до услугите кои давателот на услуги јавно ги објавува и истите не треба да содржат ограничувања во однос на државјанство или место на престој освен кога отстапувањата објективно произлегуваат од различни пазарни услови во земјите.

### Помош на примателите на услугите

Член 19

(1) Примателот на услуга во Република Македонија од секој надлежен орган на Република Македонија и преку Единствената точка за контакт може да добие:

1) општи информации за пристап до услуги во други држави од ЕЕП;

2) општи информации за начините за надомест на штета кои им се на располагање и

3) контакти од разни здруженија, вклучително и од Европската Унија како Европската мрежа на центри за заштита на потрошувачите, од кои примателите на услуги можат да добијат практична помош.

(2) Сите информации и советодавна помош од надлежен орган вклучително и упатства за секоја фаза во постапката до кои примателите на услуги треба да се придржуваат се даваат на јасен и недвосмислен начин и по електронски пат.

**Информации кои треба давателот на услуги да ги направи достапни на примателите на услугите**

Член 20

(1) Давателот на услуги во Република Македонија е должен да ги направи достапни на примателите на услуги следните податоци и информации:

1) име и презиме, односно фирма, и правниот статус, живеалиште односно седиште каде е регистриран, и контакт информации вклучително и начин на електронска комуникација (веб апликација и/или електронска пошта);

2) назив на регистар, регистарски број (број на упис/ идентификациски број) кога давателот на услуга е регистриран во трговски или сличен јавен регистар и државата каде што се наоѓа регистарот;

3) информации и за тоа дека од надлежен орган добил согласност за давање услуги во државата во која е основан односно е државјанин;

4) даночниот број во даночниот регистар во земјата во која се води, или друг број на идентификација и назив на органот или телото каде што е призната односно запишана неговата професионална квалификација ако таа е задолжителна;

5) општи информации и клаузули кои ги применува давателот на услугата;

6) договорни клаузули ако има такви во врска со правото кое се применува на неговите договорни аранжмани со примателите на услуги или во случај на спор за правото/правилата на надлежен суд или арбитража;

7) гаранции кои ги дава давателот откако ќе ја изврши услугата спрема примателот;

8) цената на услугите кои ги дава во случаите кога истата е претходно утврдена за соодветен вид на услуги;

9) особеностите на услугата која ја врши освен ако истото не е само по себе воочливо и

10) осигурување или гаранција на кои упатува членот 21 став (2) од овој закон, а особено контакт информации за осигурувачот или гарантот како и територијалната покриеност.

(2) Давателот на услуги е должен податоците од ставот (1) на овој член да ги направи достапни на примателот на услугата, во местото каде што ќе се извршува услугата, по електронски пат и со поединости за описот на услугата која се дава.

(3) По барање на примател на услугата давателите на услуги се должни да ги направат достапни следните дополнителни информации:

1) ако цената на услугата не е претходно утврдена од давателот на услугата за определен вид на услуга тогаш треба да се направи достапна редовната цена на услугата или начинот на кој таа се пресметува за да може истата да му користи на примателот;

2) прописите со кои се уредува предметната професионална квалификација и како таа се добива;

3) информации за мултидисциплинарните активности и партнерства кои се директно поврзани со конкретната услуга и за мерките кои се преземени за да се избегне конфликт на интерес. Овие информации може да бидат содржани во сите материјали или документи во кои се опишува услугата од давателот на услугата;

4) кодекси на однесување на кои се придржува давателот на услугата и веб страна каде истите се достапни по електронски пат со назнака за јазикот на кои се напишани и

5) во случај кога давателот на услуга постапува согласно кодекс, или е член на трговско здружение или комора или професионално тело кое дава услуги за вонсудско решавање спорови, потребно е да се дадат информации и за тоа какви се постапките, случаите и начинот на кој се искористува таквата можност за заштита на правата на примателот.

(4) Сите информации и податоци кои согласно одредбите на овој член давателот треба да ги направи достапни мора да бидат јасни и разбирливи и лесно достапни пред да биде склучен конкретен договор од страна на давателот на услугата односно пред истиот да ја испорача услугата.

(5) Давателите на услуги се должни во најкратко можно време да одговорат на примателите на нивните услуги и да дадат вистинити и употребливи информации на примателите, во врска со сите аспекти поврзани со користењето на нивните услуги.

(6) Во случај кога се бараат финансиски гаранции во постапка утврдена со закон пред надлежни органи на Република Македонија, гаранциите издадени од соодветна кредитна или осигурителна институција овластена во земјата или во држава на ЕЕП да дава вакви гаранции, треба да се прифатат како доказ.

(7) Давателите на услуги кои постапуваат при вршењето на дејноста согласно правила утврдени во соодветни упатства или акти или се членови на соодветни економски здруженија или професионални тела кои даваат можност за ангажирање на вонсудски механизам за решавање на спорови се должни да го информираат примателот на услугата за таквата можност и да го наведат тој податок во секој документ во кој се објаснува нивната услуга во детали, назначувајќи како да се добие пристап до тие информации.

**Осигурување и гаранции за професионална одговорност на давателот на услуги**

Член 21

(1) Кога определени услуги чиешто вршење може да значи опасност по здравјето или безбедноста на примателот на услугата или на трето лице, или ризик по финансиската сигурност на примателот на услугата, давателот на услуги основан во Република Македонија мора да обезбеди осигурување од професионална одговорност или друга гаранција со иста вредност соодветна на нејзината цел која ќе го покрие ризикот од услугата.

(2) Надлежен орган на Република Македонија не бара осигурување, гаранција или друг документ како средство за обезбедување од давателот на услуги кој дејноста ја извршува во Република Македонија, ако во земјата во која има живеалиште, односно седиште веќе тоа го исполнил, ниту да склучи договорни аранжмани за осигурување од професионална одговорност или друг вид гаранција ако приложи потврда за такво сигурување или гаранција која е со иста вредност издадени од овластени финансиски институции или осигурителни друштва со седиште во земјата каде е основан. Кога истоветноста на гаранцијата е само делумна, надлежните органи на Република Македонија можат да бараат дополнителна гаранција за ризиците кои не се покриени.

**Комерцијални комуникации кај регулираните професии**

Член 22

(1) Комерцијалните комуникации на даватели на услуги кои вршат регулирани професии се вршат во согласност со прописите за конкретната регулирана професија, а врз основа на почитување на независноста, достоинството и угледот на професијата и чувањето професионална тајна имајќи ја предвид природата на секоја конкретна регулирана професија.

(2) Ограничувања на содржината на комерцијалната комуникација од ставот (1) на овој член може да се воведат само врз основа на почитување на принципите на недискриминација, пропорционалност и оправданост од исклучителни причини за заштита на јавен интерес.

### Мултидисциплинарни дејности

Член 23

(1) Давателите на услуги можат да извршуваат повеќе од еден вид на услуги (мултидисциплинарни дејности), самостојно или во партнерство, со исклучок кај:

1) регулираните професии, согласно со услови оправдани заради усогласување со прописите кои уредуваат професионална етика и однесување, а се разликуваат со оглед на специфичната природа на секоја професија и ако таквите услови се нужни да се осигури нивната независност или непристрасност и

2) даватели на услуги од областа на сертификација, акредитација, технички надзор, тестирање или експерименти, ако таквите услови се нужни за осигурување на нивната независност и непристрасност.

(2) Кога за вршење на мултидисциплинарни дејности од страна на давателите на услуги наведени во точките 1) и 2) од ставот (1) на овој член се дава согласност, неопходно е да се:

1) спречи судир на интереси и нееднаквости помеѓу одредени мултидисциплинарни дејности;

2) осигури независност и непристрасност во нивното вршење и

3) усогласат прописите кои ја уредуваат професионалната етика и однесување, особено во однос на делот кој се однесува на професионална тајна.

## VI. АДМИНИСТРАТИВНА СОРАБОТКА

### Заемна административна соработка со држави од ЕЕП и со Европската комисија

Член 24

(1) Надлежните органи од Република Македонија ќе учествуваат во размената на информации со надлежните органи на државите од ЕЕП преку ИМИ системот.

(2) За целите на ИМИ ситемот и за спроведување на овој закон на предлог на Министерството за економија, Владата на Република Македонија именува:

1) Национален ИМИ координатор и

2) Координатор/и за услуги.

(3) Националниот ИМИ координатор од ставот (2) точка 1) на овој член е од редот на раководни административни службеници вработени во Министерството за економија, а координаторите за услуги од ставот (2) точка 2) на овој член се од редот на вработени во министерствата со надлежност за услужните сектори опфатени со овој закон.

(4) Делокругот на работа за целите на ИМИ системот на лицата од ставот (2) точки 1) и 2) на овој член и постапката за размена на информации преку ИМИ системот ги утврдува Владата на Република Македонија.

(5) Министерството за економија објавува Листа на надлежните органи од Република Македонија од ставот (1) на овој член во „Службен весник на Република Македонија“.

(6) Надлежните органи на Република Македонија се должни да преземат мерки за соработка со надлежните органи од држави од ЕЕП за контрола на давателите на услуги и на услугите кои вклучуваат барања за информации или за контроли.

(7) Барањата за информација или за контроли кои се доставуваат од надлежните органи од држави од ЕЕП во рамки на заемната соработка мора да бидат образложени со причина поради кои се поднесени и сите прибрани информации ќе се користат исклучиво за потребата за кои се побарани.

(8) Во случај кога има тешкотии во постапувањето по барање од надлежен орган на држава од ЕЕП, надлежниот орган од Република Македонија ќе стапи во непосреден контакт со надлежниот орган од државата од ЕЕП во насока на наоѓање решение за конкретниот предмет.

(9) Во случај кога е добиено барање за помош од надлежни органи од ЕЕП, надлежен орган од Република Македонија има право да бара од вршителот на услугата во Република Македонија да му ги достави заради проверка сите неопходни податоци во согласност со посебните закони.

(10) За резултатите од постапувањето по барањата, надлежните органи во Република Македонија по електронски пат, во најкраток можен рок ќе ги информираат надлежните органи на држави од ЕЕП кои ги доставиле барањата.

(11) Надлежните органи на Република Македонија се должни да обезбедат непречен влез и користење на податоците за даватели на услуги за надлежни органи од држави од ЕЕП и да даваат техничка помош за користење на податоците од регистри кои се водат кај други органи и институции, а за кои државите од ЕЕП имаат потреба да добијат информации.

(12) Националниот ИМИ координатор е должен да ја извести Европската комисија за секој поединечен случај за кој е доставено образложено барање од надлежен орган во Република Македонија, а за кој надлежен орган од држава од ЕЕП не постапила.

**Заемна соработка во случај кога даватели на услуги од Република Македонија вршат услуги во друга држава од Европската Унија и ЕЕП**

Член 25

(1) Надлежните органи на Република Македонија се должни во рамките на заемната соработка да постапат по секое барање од друга држава од ЕЕП и да достават информации за давателите на услуги преку ИМИ системот во најкраток можен рок, а особено за тоа дали давателот на услуги е запишан во надлежен регистар и дали работи во согласност со законските прописи на Република Македонија.

(2) Надлежниот орган на Република Македонија врши контроли, инспекциски надзор или истраги согласно своите надлежности и преку ИМИ системот ги информира надлежните органи од држава од ЕЕП за резултатите и преземените мерки. За да се одговори на доставените барања од ставот (1) на овој член за секој конкретен случај ќе се применат соодветните мерки утврдени во посебните закони.

**Надзор над давател на услуги со седиште во Република Македонија кој привремено услугите ги врши во друга држава од ЕЕП**

Член 26

(1) Надлежните органи на Република Македонија спроведуваат надзор на давателите на услуги основани во Република Македонија за исполнување на законските одредби во врска со вршењето на услугата согласно со законодавството на Република Македонија и преземаат потребни мерки без оглед дали услугата се врши, односно предизвикува последици во Република Македонија или во друга држава од ЕЕП.

(2) Преземањето мерки согласно со одредбите од ставот (1) на овој член не ги обврзува надлежните органи на Република Македонија да вршат фактички контроли, инспекции или истраги во државата од ЕЕП каде е извршена услугата. Овие дејствија ќе се извршуваат од надлежните органи на државата од ЕЕП согласно нејзините национални прописи.

**Надзор над давател на услуги од друга држава од ЕЕП кога истиот врши услуги во Република Македонија**

Член 27

(1) Надлежниот орган на Република Македонија спроведува надзор над активностите на давател на услуги од друга држава од ЕЕП кој на времена основа ја врши услугата во Република Македонија во согласност со барањата за пристап и вршење на услугата од членовите 14 и 15 од овој закон.

(2) Надлежниот орган на Република Македонија на барање на надлежен орган од друга држава од ЕЕП каде што е основан дателот на услуга кој привремено услугата ја врши во Република Македонија спроведува контроли, инспекции и истраги, во рамки на своите законски овластувања заради постигнување на целта на барањето и со примена на најсоодветни мерки за секој конкретен случај.

(3) Контролите, инспекциите и истрагите спроведени во случаите од ставот (2) на овој член треба да бидат пропорционални и да не бидат дискриминаторски во однос на припадноста на давателот на услуги на друга држава од ЕЕП.

**Механизам за предупредување**

Член 28

(1) Кога надлежен орган на Република Македонија има сознанија за акти, дејства или состојби поврзани со вршењето на услуга којашто може да предизвика штета по здравјето или безбедноста на лицата или животната средина должен е да ги информира преку ИМИ системот сите држави од ЕЕП и Европската комисија во најкраток можен рок.

(2) Постапката на информирање од ставот (1) на овој член ја пропишува министерот за економија.

**Информација за добар углед на давателите на услуги**

Член 29

(1) По барање на надлежен орган од држава од ЕЕП, надлежниот орган на Република Македонија во согласност со посебните закони во Република Македонија доставува информација за изречени прекршочни или кривични санкции на давателот на услуги, дали е истиот во стечај или ликвидација, дали му е изречена мерка забрана вршење дејност и дали работи согласно правната рамка за професионални квалификации ако истото е случај, за кое го известува и давателот на услугата. Барањето треба да ги содржи причините поради кои е доставено.

(2) За санкциите или другите изречени мерки од ставот (1) на овој член ќе се информира само ако е донесена конечна одлука. Доколку се во второстепена постапка на разгледување и одлучување, мора да се информира за датумот кога се очекува одлука по поднесениот приговор. Надлежниот орган на Република Македонија ги наведува одредбите од посебните закони во согласност со кои се преземени мерки и санкции за даватлот на услуга.

(3) Сите информации кои се разменуваат во рамките на заемната соработка ќе бидат разменувани во согласност со прописите за заштита на личните податоци и согласно со принципот за презумција на невиност.

**Заемна соработка во случај на отстапувања во конкретни случаи**

Член 30

(1) Кога во случај определен со членот 16 од овој закон со посебните закони е дадено овластување за преземање мерки заради заштита на безбедноста во давањето услуги, надлежните органи на Република Македонија се должни да упатат барање до надлежните органи на државата од ЕЕП каде давателот на услуги е основан, да преземат определени дејствија од нивна надлежност и да ги достават податоците со кои располагаат за конкретниот случај.

(2) Врз основа на остварената комуникација согласно со ставот (1) на овој член како и последователните дејствија преземени од страна на органите надлежни во државата од ЕЕП во којашто давателот на услуги е основан, надлежниот орган на Република Македонија може да побара Националниот ИМИ координатор да ја извести Европската комисија за причините поради кои оценува дека мерките кои ги презел надлежниот орган на државата од ЕЕП или причините за непреземени мерки се нецелосни, неефективни спрема целите кои треба да се постигнат.

(3) Кога активностите определени со ставовите (1) и (2) на овој член се однесуваат на даватели на услуги од Република Македонија, надлежните органи на Република Македонија во најкраток рок се должни да преземат мерки кои се предложени или да известат за причините зошто не презеле некоја од бараните мерки.

(4) Рокот за преземање мерки од надлежните органи на Република Македонија односно рокот во кој треба да се преземат мерки од страна на надлежните органи и тела од државите од ЕЕП согласно одредбите од овој член изнесува 15 работни дена од денот кога е известена Европската комисија за неадекватноста на преземените активности од страна на орган од Република Македонија или од држава од ЕЕП. Мерките нема да се преземат доколку Европската комисија заклучи дека истите се несоодветни и донесе одлука со која бара од надлежните органи на Република Македонија да се воздржат од мерките или да ја прекинат примената.

(5) Во случај на потреба од преземање на итни мерки заради заштита на безбедност во давањето на услуги надлежните органи на Република Македонија можат да отстапат од постапката наведена во ставовите (1) и (2) на овој член доколку претходно ја известат Европската комисија и државата од ЕЕП во која давателот на услуги е основан, во најраток рок и со наведување на причините за итност.

## VII. НАДЗОР

**Надзор**

Член 31

(1) Надзор над спроведување на овој закон врши Министерството за економија.

(2) Во спроведување на надзор над овој закон Министерството за економија:

1) го следи и координира целиот процес на усогласување и навремено донесување на посебните закони со одредбите од овој закон;

2) го следи спроведувањето на овој закон како и на прописите кои произлегуваат од него и

3) ги информира и им укажува на надлежните органи на Република Македонија за утврдените неправилности при примената на одредбите од овој закон при што дава мислења и препораки и предлага мерки со цел истите да се отстранат.

**Инспекциски надзор**

Член 32

(1) Инспекциски надзор над спроведување на одредбите од членот 20 од овој закон врши Државниот пазарен инспекторат преку инспектори согласно одредбите од Законот за пазарната инспекција и овој закон.

(2) Во спроведувањето на инспекцискиот надзор, Државниот пазарен инспекторат:

1) следи дали давателот на услуги ги направил достапни на примателот на услуги податоците и информациите наведени во членот 20 став (1) и дополнителните информации наведени во членот 20 став (3) од овој закон;

2) следи дали давателот на услуги ги направил достапни информациите на местото каде што се врши услугата, нивната достапност по електронски пат и дали се наведени сите поединости за описот на услугата која се дава;

3) следи дали информациите се јасни, разбирливи и лесно достапни за примателот на услуги пред склучување на договорот и пред извршување на услугата и

4) следи дали давателот на услуги одговара на барањата на примателот на услуги и им дава соодветна помош и дали во најкус можен рок и со сопствени човечки ресурси одговара на потребите на примателите.

## VIII. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 33

(1) За прекршоците предвидени со овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

(2) За прекршоците утврдени со членот 34 од овој закон, Државниот пазарен инспектор е должен да му предложи на сторителот на прекршокот постапка за порамнување пред да поднесе барање за прекршочна постапка пред надлежниот суд согласно со одредбите од Законот за прекршоци.

Член 34

(1) Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице давател на услуга кој:

1) не ги прави на примателот на услугите достапни информациите согласно со одредбите од членот 20 став (1) од овој закон;

2) не одговара на барање од примателот на услугата согласно со одредбите од членот 20 став (3) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршоците од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице вршител на услуга за прекршоците од ставот (1) на овој член.

## IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 35

(1) Надлежните органи на Република Македонија се должни во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон да го известат Министерството за економија за сите одредби во прописите кои содржат барања за давателите на услуги по однос на пристап и вршење на услугите/услужните дејности за кои ќе се утврди дека се:

1) со квантитативни или со територијални ограничувања особено во форма на фиксни ограничувања врз основа на број на население или минимално географско растојание помеѓу давателите на услуги;

2) со обврска давателот на услуги да користи посебна правна форма;

3) со барања кои се во врска со учеството во капиталот на трговското друштво;

4) со барања со кои се обезбедува пристап до услугата за посебни даватели на услуги врз основа на посебната природа на услугата;

5) со забрана да се отвори повеќе од една организациона единица во Република Македонија;

6) со утврден минимален број на вработени од страна на давателот на услуги;

7) со утврдени минимални или максимални тарифи за наплата на надоместоците од страна на давателот на услуги и

8) со обврска на давателот на услуги да обезбедува други услуги заедно со услугите кои тој ги дава.

(2) Во известувањето од ставот (1) на овој член треба да се наведе образложение за причините за барањата и дали истите се во согласност со принципите на:

1) забрана на дискриминација по основ на државјанство односно припадност на лицата или во случај на правни лица по основ на земја во која се основани;

2) неопходност на поединечните барања оправдани од исклучително важни причини од јавен интерес и

3) пропорционалност на поединечни барања заради нивна соодветност за постигнување на целите односно да не ја надминуваат нужноста за постигнување на целта и како такви не е можно да бидат заменети со други, помалку ограничувачки поединечни барања со кои се постигнува истиот резултат.

(3) Одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член се применуваат на прописите со кои се уредуваат услугите од јавен интерес само доколку примената на истите не ја попречува нивната цел согласно со закон.

(4) Секој надлежен орган на Република Македонија е должен писмено да го извести Министерството за економија дали согласно со одредбите на ставовите (1), (2) и (3) на овој член има поединечни барања кои ги оценува како потребни да се задржат во посебните закони со образложение за причините поради кои оценува дека истите се во согласност со ставот (2) на овој член и исто така да го извести за одредбите кои ќе се укинат.

(5) Надлежните органи на Република Македонија нема да воведуваат нови барања од став (1) од овој член доколку истите не ги исполнуваат принципите од ставот (2) на овој член.

(6) Секој надлежен орган на Република Македонија ќе го извести Министерството за економија за воведување ново барање во посебните закони за пристап или вршење на услуга во Република Македонија со образложение за причините.

(7) Министерството за економија ќе ја извести Европската комисија за барањата од ставовите (1) и (6) на овој член. Известувањето не го одложува воведувањето на барањата од ставот (6) на овој член. Доколку Европската комисија оцени дека истите се несоодветни и донесе одлука со која бара од надлежните органи на Република Македонија да се воздржат од воведување на барањата, истите нема да се воведат или ќе се укинат.

Член 36

Посебните закони со кои се уредува постапка на одобрување пристап на пазарот на услуги и вршење на услуги ќе се усогласат со одредбите од овој закон во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 37

Подзаконските акти утврдени со овој закон ќе се донесат најдоцна до 31 декември 2020 година.

**Одложена примена**

Член 38

(1) Одредбите на членовите 5, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20 став (6), 21 став (2), 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30 и 35 став (7) од овој закон ќе започнат да се применуваат со денот на пристапувањето на Република Македонија во Европската Унија.

(2) Одредбите на членот 6 став (2), (3) и (4) и членот 7 од овој закон ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2022 година.

**Влегување во сила**

Член 39

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.